Извештај за најзначајните проектни постигнувања и најчестите прекршувања на човековите права идентификувани во рамки на проектот

# „Пристап до правда за најмаргинализираните“



ПРАВДАТА НЕ Е ПРИВИЛЕГИЈА

# Извештај за најзначајните проектни постигнувања и најчестите прекршувања на човековите права идентификувани во рамки на проектот

# „Пристап до правда за најмаргинализираните“



Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

ХОПС
ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ

СТАНИЦА П.Е.Т.

**Издава:**
Фондација Отворено општество - Македонија (ФООМ)

**За издавачот:**
Љиљана Ристевска, Извршна директорка на ФООМ

**Автор:**
Тона Карева

**Уредници:**
Христина Василевска Димчевска, координаторка на програма - ФООМ

Весна Шапкоски, Извршна директорка на Здружение за правна едукација и транспарентност Станица ПЕТ - Прилеп

Неда Петковска, координаторка на проект, ХОПС - Опции за здрав живот - Скопје (ХОПС)

Маргарита Глигуроска, правничка, ХОПС

**Лектура:**
Слаѓана Гиновска Тодороска

**Ликовно-графичко обликување:**
Кома

**Печати:**
ПроПоинт

**Тираж:**
500

**Година на издавање:**
2023 година

---

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

342.722-058.5(497.7)"2022/2023"(047.31)
343.412-058.5(497.7)"2022/2023"(047.31)
316.647.82-058.5(497.7)"2022/2023"(047.31)

КАРЕВА, Тона
Извештај за најзначајните проектни постигнувања и најчестите прекршувања на човековите права идентификувани во рамки на проектот "Пристап до правда за најмаргинализираните" / [автор Тона Карева]. - Скопје : Фондација Отворено општество - Македонија, 2023. - 70, [2] стр. ; 20 см

Библиографија: стр. [71]

ISBN 978-608-218-421-0

а) Пристап до правда -- Маргинализирани групи -- Македонија -- 2022-2023 -- Истражувања б) Човекови права -- Маргинализирани групи -- Кршење -- Македонија -- 2022-2023 -- Истражувања

COBISS.MK-ID 60738565

Оваа публикација е изготвена со финансиска помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Фондација Отворено општество - Македонија и на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# Содржина

Вовед 6

За проектот 10

Методологија 12

Преглед на најзначајните проектни постигнувања 14

Најчести прекршувања на човековите права во рамки на проектот „Пристап до правда за најмаргинализираните“ 42

Заклучоци 58

Препораки 64

Користени документи 69



# Вовед

Пристапот до правда и бесплатна правна помош, како и параправната помош, се од суштинско значење за маргинализираните заедници, да ги заштитат и остварат своите права и соодветно да постапуваат во однос на прекршувањата на правата со кои може да се соочат и со кои се соочуваат. Сепак, маргинализираните заедници во Северна Македонија често се соочуваат со значителни бариери во пристапот до правда. Токму поради ова граѓанските организации кои работат со различни маргинализирани групи се особено значајни бидејќи претставуваат точка на поврзување на овие заедници со институциите и нивните права преку параправната помош, правната помош и другите услуги кои ги обезбедуваат.

Ромите, сексуалните работници, луѓето кои употребуваат дроги и оние кои живеат во сиромаштија и рурални средини се едни од најмаргинализираните заедници кај нас кои се соочуваат со сериозни ограничувања во остварувањето на правата, па оттука и поттикнува потребата од работа на терен со овие заедници, со цел нивно информирање, едуцирање и обезбедување параправна и правна помош, кои заедници се и таргет групи на проектот „Пристап до правда за најмаргинализираните".

Ромите, сексуалните работници, луѓето кои употребуваат дроги и оние кои живеат во сиромаштија и рурални средини се едни од најмаргинализираните заедници кај нас кои се соочуваат со сериозни ограничувања во остварувањето на правата, па оттука и поттикнува потребата од работа на терен со овие заедници, со цел нивно информирање, едуцирање и обезбедување параправна и правна помош, кои заедници се и таргет групи на проектот „Пристап до правда за најмаргинализираните".

Бесплатната правна помош е фундаментално човеково право поврзано со еднаков пристап до правда и создавањето институционални капацитети за ефикасна заштита на човековите права. Правото на бесплатна правна помош е обврска на државата да обезбеди еднаков пристап до

правна помош за различни групи граѓани – маргинализирани групи, кои се поранливи, имаат потреба и проблем од правна природа, а не можат да си дозволат да платат за правна помош, а за нив од различни причини пристапот до правда е отежнат. Правото на пристап до правда е едно од основните човекови права кое има суштинско влијание врз пристапот и остварувањето на основните, загарантирани фундаментални права.

Ромската популација во Република Северна Македонија сè уште е најранливото малцинство во земјата, заедница што се соочува со институционална дискриминација, социјални предрасуди и нееднаков пристап до услуги и права. Мнозинството Роми во Северна Македонија живеат во сиромаштија и имаат ограничен пристап до образование и можности за вработување, што им го отежнува разбирањето на правниот систем и остварувањето на правата.

Луѓето кои употребуваат дроги и сексуалните работници/чки се едни од најмаргинализираните заедници кои се постојано изложени на насилство и дискриминација од страна на институциите и од општеството. Луѓето кои употребуваат дроги и сексуалните работници/чки во Македонија се соочуваат со петнаесет пати повеќе правни проблеми во споредба со општото население во државата.[1] Истовремено, ниската правна писменост, недовербата во институциите и системската дискриминација, меѓу другите фактори, ги спречуваат граѓаните од овие заедници да бараат заштита и остварување на своите права. Со ова се потврдува нивната висока ранливост, како и потребата за унапредување на пристапот до информации, правно советување и заштита.

1 https://hops.org.mk/wp-content/uploads/2018/07/Pravni-potrebi-i-pristap-do-pravda-za-lugje-to-koi-injektiraat-drogi-i-seks.rabotnici_istrazuvanje.pdf

Луѓето кои живеат во сиромаштија и руралните области се соочуваат со специфични проблеми, кои во голем дел се непознати за останатите граѓани. Овие граѓани се наоѓаат на маргините и се изолирани, често и

поради местоположбата во која живеат. Со оглед на нивната специфична положба во општеството, оваа група граѓани, како маргинализирана група, често се соочува со дискриминација и нееднаков третман. Лицата кои живеат во руралните области, исто така, се соочуваат со значителни предизвици и прекршувања на човековите права. Тие често немаат пристап до основните услуги како што се здравствената заштита и образованието, па често се соочуваат со дискриминација и социјална исклученост. Понатаму, тие се изложени на поголем ризик од сиромаштија и невработеност.

**Луѓето кои живеат во сиромаштија и руралните области се соочуваат со специфични проблеми, кои во голем дел се непознати за останатите граѓани.**

Проектот „Пристап до правда за најмаргинализираните" е насочен кон заштита на човековите права преку правно зајакнување и унапредување на пристапот до правда за најмаргинализираните групи на граѓани. Овој извештај има цел да даде преглед на најзначајните проектни постигнувања во периодот од јануари 2022 година до мај 2023 година и да даде преглед на најчестите прекршувања на човекови права во рамки на проектот „Пристап до правда за најмаргинализираните".

# За проектот



Проектот „Пристап до правда за најмаргинализираните“, финансиран од Европската Унија, се спроведуваше во периодот од јануари 2022 година до јуни 2023 година од страна на Фондацијата Отворено општество - Македонија, ХОПС – Опции за здрав живот - Скопје и Здружението за правна едукација и транспарентност Станица ПЕТ - Прилеп.

Општа цел во рамки на проектот беше да се овозможи заштита на човековите права преку законско зајакнување за подобрен пристап до правдата за повеќето маргинализирани групи, со фокус на Ромите, луѓето кои живеат во рурални средини, луѓето кои употребуваат droги, сексуалните работници, децата и семејствата во социјални ризици и другите ранливи заедници. Преку имплементација на проектот и преку зголеменото правно зајакнување, обезбедувањето на правни и параправни услуги, како и развојот на сеопфатни политики, придонесоа за подобрен пристап до правдата и заштитата на човековите права на најмаргинализираните групи - Ромите, луѓето кои живеат во рурални средини, луѓето кои употребуваат droги, сексуалните работници, децата и семејствата во социјален ризик и други ранливи заедници.

Со проектот се постигнаа претходно поставените специфични цели и тоа:

1. Зголемен пристап до правда и правно зајакнување на маргинализираните граѓани преку континуирано обезбедување на квалитетни правни и параправни услуги;

2. Унапредено знаење и алатки на бранителите на човековите права и граѓанските организации за ефективна едукација и мобилизирање на граѓаните да преземат акција против нееднаквостите и да бараат остварување на законски гарантираните права;

3. Креирани напредни политики и практики засновани на докази кои ги содржат пристапите за човекови права, ги намалуваат нееднаквостите во пристапот до основните јавни услуги (здравствени, социјални, итн.) и ги задоволуваат потребите на маргинализираните граѓани.

# Методологија



Методологијата за изработка на Извештајот за најзначајните проектни постигнувања и најчестите прекршувања на човековите права идентификувани во рамки на проектот „Пристап до правда за најмаргинализираните" се состои од анализа на податоци кои беа прибирани преку примена на повеќе инструменти. Извештајот се однесува за периодот на спроведување на проектот, односно од јануари 2022 година до мај 2023 година.

За подготовка на извештајот беа користени следните алатки за истражување: собирање податоци, анализа на извештаи и интервјуа со имплементатори на проекти.

**Извештајот е поделен во два дела и тоа првиот дел се однесува на најзначајните проектни постигнувања, а вториот дел се однесува на најчестите прекршувања на човековите права**

Преку соработка со имплементаторот на проектот и преку деск истражување беа собрани сите податоци релевантни за темата на извештајот. Понатаму, преку анализа на содржина се анализираа достапните истражувања, извештаи и останати публикации во областа, како и извештаите за спроведување на проектот подготвени од имплементаторите на проектот. За потребите на извештајот беа реализирани полуструктуирани интервјуа со имплементаторите на проектот со цел да се добијат информации во врска со најчестите прекршувања на човековите права идентификувани во рамки на проектот „Пристап до правда за најмаргинализираните".

Извештајот е поделен во два дела и тоа првиот дел се однесува на најзначајните проектни постигнувања, а вториот дел се однесува на најчестите прекршувања на човековите права идентификувани во рамки на проектот „Пристап до правда за најмаргинализираните". За крај, преку анализа на сите собрани податоци, информации и содржини, на крај на извештајот дадени се заклучоци и препораки.

# Преглед на најзначајните проектни постигнувања



Проектот се имплементираше преку повеќе групи на проектни интервенции/активности кои опфаќаат:

Обезбедување на квалитетни правни и параправни услуги за унапредување на правата на маргинализираните заедници;

Правно зајакнување на целните маргинализирани заедници со цел остварување на нивните човековите права;

Зголемување на знаењето на граѓаните и маргинализираните заедници со цел препознавање на прекршувања на човекови права и нивно мотивирање да бараат правна заштита;

Зголемување на знаењата кај маргинализираните заедници и изградба на отпор против дезинформации поврзани со пандемијата ковид-19, како и промоција на важноста од вакцинација против ковид-19, но и обврска од исклучителна важност за јавното здравје;

Градење капацитети на граѓанските организации и на претставници на релевантни институции во врска со ефективно едуцирање и мобилизирање на граѓаните да преземат акција против нееднаквостите и да бараат правна заштита, како и сензибилизирање на претставници на институциите за унифицирање на процедурите и подобрување на обезбедувањето услуги за маргинализираните граѓани;

Создавање напредни политики и практики засновани на докази, согласно пристапот на човекови права кои ги намалуваат нееднаквостите во пристапот до основните јавни услуги (здравствени, социјални, итн.) и ги задоволуваат потребите на целните маргинализирани групи;

Активности за застапување за унапредување на пристапот до правда за сите граѓани.

Во продолжение ќе биде направен преглед на најзначајните проектни постигнувања.

# Обезбедување параправна помош

ХОПС и Станица ПЕТ во текот на спроведување на проектот обезбедуваа параправна помош на терен насочена кон маргинализираните групи со кои работат. Параправната помош беше обезбедена од страна на вкупно 10 параправници.

ХОПС го координира обезбедувањето на параправна помош за сексуални работници/чки и лица кои употребуваат дроги. Обезбедени беа вкупно 1 725 параправни услуги (396 услуги за сексуални работници/чки и 1 329 за луѓе кои употребуваат дроги). Параправната помош беше поврзана во најголем дел со семејни права, права од социјална и здравствена, заштита, семејно и родово базирано насилство, дискриминација, информирање и советување во врска со член 215 и член 216 од Кривичниот законик, информирање и советување за членовите 19 и 20 од Законот за прекршоци, информирање и препраќање до други услуги кои ги обезбедува ХОПС: социјален работник, психолошко советување, помош од правник, тестирање за ХИВ и дистрибуција на кондоми и информативни брошури и летоци.

Станицата ПЕТ обезбеди параправна помош на Роми, деца и семејства во социјален ризик и луѓе кои живеат во рурални средини (Мариово, Долнени и Кривогаштани). По еден параправник согласно утврдената потреба работеше во руралното подрачје на мариовскиот регион, во руралните општини Кривогаштани и Долнени и еден во ромската заедница во градот Прилеп. Станица ПЕТ обезбеди вкупно 885 услуги, најчесто за здравствена и социјална заштита, лична документација, образование, домување, еколошки и земјоделски права. „Повикај итна параправна помош" е достапна на веб-страницата на Станица ПЕТ и останува алатка за обезбедување на правна и параправна помош достапна 24/7.

## Обезбедување бесплатна правна помош и правна асистенција

Во рамките на проектот „Пристап до правда за најмаргинализираните“, во март 2020 година, ХОПС се регистрираше како овластено здружение за обезбедување примарна правна помош.  Најголем дел од советите и информациите за бесплатната правна помош ХОПС ги дава на припадниците на заедниците со кои работи, сексуалните работници/чки, луѓе кои употребуваат дроги и нивните семејства.

ХОПС и Станица ПЕТ обезбедуваа бесплатна правна помош и правна асистенција со фокус на заедниците со кои работат. ХОПС работи со сексуални работници/чки и лица кои употребуваат дроги и обезбедуваа бесплатна правна помош на терен и во сите дневни центри со кои располага и координира ХОПС, додека Станица ПЕТ работи со Роми и лица кои живеат во рурални средини и обезбедува правна помош во својата канцеларија, но преку нивната мобилна канцеларија.

Во изминатиот период ХОПС обезбеди 2 262 правни услуги на луѓе кои употребуваат дроги и сексуални работници. Иако ХОПС е овластено здружение за обезбедување на бесплатна правна помош, сепак не е поднесено ниту едно барање за секундарна правна помош до Министерство за правда. Најголем проблем е тоа што иако дел од клиентите на кои им се дадени услуги од примарна правна помош имаа потреба и од секундарна правна помош, поради недовербата во адвокатите, не се мотивираа да аплицираат за ваков вид на БПП. Особено што постапката за добивање на ваков вид на БПП трае подолго време, но и поради фактот дека услугите не може да ги добијат во доверлива и пријателска средина без да бидат изложени на дискриминација и стигматизација. Правната советничка постојано работи на мотивирање на клиентите, но сепак неопход-

**Во изминатиот период ХОПС обезбеди 2 262 правни услуги на луѓе кои употребуваат дроги и сексуални работници.**

но е да се работи на поголема сензибилизација на адвокатите регистрирани за давање на БПП за работа со маргинализирани групи, како што се луѓето кои употребуваат droги и сексуалните работници.

Друг значаен проблем е фактот дека најголем дел од правните проблеми со кои се соочуваат луѓето кои употребуваат дроги се од кривичноправната и прекршочната област, а тоа не е опфатено со Законот за БПП, поради што не е во согласност со потребите и проблемите со кои се соочува оваа група луѓе. Бесплатната правна помош во кривична постапка претставена преку институтот на сиромашко право не функционира во пракса, па оттука овие лица се оставени без правна заштита.

И не помалку важен проблем е тоа што и покрај промените кои се направија со новиот закон, сепак значителен дел од луѓето кои употребуваат дроги, особено Ромите, немаат пристап до бесплатната правна помош овозможена со законот, поради законски и административно финансиски бариери.

**И не помалку важен проблем е тоа што и покрај промените кои се направија со новиот закон, сепак значителен дел од луѓето кои употребуваат дроги, особено Ромите, немаат пристап до бесплатната правна помош овозможена со законот, поради законски и административно финансиски бариери.**

ХОПС преку својата работа идентификуваше четири стратешки случаи, коишто ги застапува адвокатка, искусна во работата со маргинализирани групи. Од областа на семејно право опфатен е еден случај за развод на брак, поточно сексуална работничка која долги години фактички не живее со својот законски сопруг и токму поради тоа не е во можност да оствари здравствено осигурување и други права од социјална заштита, постапката сѐ уште е во тек. Еден од случаите се однесуваа на дискриминација поради употреба на дроги. Имено, се работи за лице кое во лекарско уверение за полагање возачка дозвола му било наведено дека нема право да полага поради тоа што се лекува од опијатна зависност со метадонска терапија. Поднесена е претставка до Комисијата за спречу-

вање и заштита од дискриминација, а Комисијата утврди дискриминација врз основа на здравствена состојба и припадност на маргинализирана заедница. Другите два случаи се за семејно и родово базирано насилство, и во двата случаи е поведена кривична постапка. Клиентките кои ги застапува адвокатката се сексуални работнички, додека пак во случајот на родово базирано насилство клиентка покрај тоа што е сексуална работничка, исто така употребува и дроги, оваа постапка е завршена, а на сторителот му беше изречена казна затвор. Вториот случај, кој  е во врска со тешка телесна повреда сè уште е во тек.

Станица ПЕТ континуирано обезбедуваше правна помош за маргинализираните заедници од општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени, со фокус на лицата од ромската заедница, лицата кои живеат во руралните средини како и други поединци и семејства во социјален ризик. Услугите се даваа и лично, во канцеларијата на здружението, како и преку телефонската и онлајн услугата „Повикај итна параправна помош", која беше воведена во март 2020 година, како резултат на пандемијата предизвикана од ковид-19, но се покажа како корисна и по завршувањето на пандемијата. Главните области во кои беше потребна правна помош беа социјалната и здравствената заштита, личната документација, заштитата на децата, работнички права, како и станбените, еколошките и земјоделските права. Помалку случаи, но многу значајни се случаите на родово базирано и семејно насилство, особено затоа што ова е особено критично прашање имајќи ја предвид тенденцијата на жртвите од маргинализираните заедници да се двоумат при пријавувањето на вакви случаи. Станицата ПЕТ обезбеди вкупно 512 услуги за правна помош за маргинализираните заедници.

**Станица ПЕТ континуирано обезбедуваше правна помош за маргинализираните заедници од општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени, со фокус на лицата од ромската заедница, лицата кои живеат во руралните средини како и други поединци и семејства во социјален ризик.**

Правниот тим идентификуваше и случаи каде што се откриени потешки прекршувања на човековите права, па се доставуваат соодветни барања до надлежните институции од кои се бара да се преземат итни мерки за остварување на правата на граѓаните, Во периодот на спроведување на проектот доставени се вкупно 93 поединечни барања до институциите.

Во електронската база на податоци се евидентирани вкупно 4 039 случаи на дадени правни и параправни услуги. Овие податоци не претставуваат само евиденција за степенот на обезбедена поддршка на заедниците, туку тие се алатка за откривање на системски пречки во остварувањето на правата.

## Поединечни случаи поврзани со здравствени, социјални и други човекови права

Како дел од редовната правна и параправна помош, проектниот тим на Станица ПЕТ беше континуирано активен во идентификување на посложени случаи каде што редовните постапки или не се применливи или не се спроведуваат правилно од страна на администрацијата, па затоа се потребни индивидуални реакции директно до институциите за да се обезбеди реализација на правата на граѓаните.

За време на спроведување на проектот беа преземени дејствија во врска со 13 поединечни предмети и тоа:

1. Реакција до Центарот за социјални работи – Прилеп, поврзана со пречки во остварувањето на родителското право на татко од рурална средина кој е назначен старател на две малолетни деца. Тој се соочувал со недолично однесување од мајката на децата, како и притисоци од социјалните работници во Центарот за социјална работа.

2. Реакција до МВР во врска со одложување на донесување решение по поднесено барање за државјанство, во законски предвидениот рок.

Реакцијата е поднесена во име на жена која живее во рурална средина, албанска државјанка која живее петнаесет години во Северна Македонија,  вдовица и самохрана мајка на две малолетни деца, која последните пет години се бори да добие македонско државјанство.

---

3. Барање за бесплатен прием на студент во Државниот студентски дом во Прилеп. Барањето е пополнето за средношколец кој доаѓа од рурална средина и кој технички не ги исполнува условите за бесплатен прием, но доаѓа од семејство кое се наоѓа  во тежок социјален ризик, без услови за студирање и развој.

---

4. Информација до МВР по барање за дополнителна документација по поднесено барање за државјанство. Со информацијата беше посочено дека дополнителните документи и грешките во документацијата што Министерството ги бара да се исправат се всушност обврска на институциите и тоа не треба да биде причина за дополнително одолговлекување на постапката.

---

5. Анонимна пријава до ОЈО - Прилеп и МВР за злоупотреба на деца во нелегална неформална заедница.

---

6. Реакција до МВР и Народниот правобранител за одолжување на постапката по поднесено барање за државјанство. Имено, ова е уште еден случај на пречекорување на законски предвидениот рок за одговор на барањата за прием во државјанство.

---

7. Реакција до Јавното обвинителство, Народниот правобранител и МВР за одолжување на постапката по пријавена полициска бруталност врз малолетник Ром. Имено, пријава за полициска бруталност врз малолетник Ром е поднесена до надлежните институции во ноември 2021 година, и повеќе од една година не била поведена кривична постапка од страна на надлежното јавно обвинителство - Прилеп.

---

8. Поднесено електронско барање за итна реакција до Министерството за внатрешни работи, Народниот правобранител и градоначалникот на општина Прилеп, за пропусти и прекин на континуитетот во потрагата по исчезнато десетгодишно дете во рурална средина (мариовски регион). Детето исчезнало на 25 февруари 2022 година, а според информациите на парaправникот, кој директно беше вклучен во потрагата како волонтер, институциите биле активни во потрагата во првите неколку денови, но потоа почнале да се повлекуваат и ја забавиле потрагата.

9. Поднесена писмена реакција до Народниот правобранител, МВР и Центарот за социјална работа во Прилеп, за пропусти во заштитата на три малолетни деца Роми. Според информациите дадени од параправникот и бабите и дедовците на децата, децата се малтретирани, запоставени и изложени на проституција од нивните родители.

10. Поднесена реакција за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата и усогласување со Законот за минимална плата до Владата на Република Северна Македонија, како и до Министерството за труд и социјална политика. Реакцијата се однесува на неусогласеноста во условите за остварување на правото на детски додаток, односно границата за минимален приход на семејството и новите измени во Законот за минимална плата, што доведоа до состојба каде повеќе семејство не можат да го остварат правото на детски додаток, бидејќи границата во законот била помала од минималната плата.

## Обезбедување услуги преку Мобилна канцеларија за параправна помош

Мобилната канцеларија за параправна помош се состои од тим, правник и праправник, кои еднаш неделно одат на различни локации во руралните средини каде што обезбедуваат помош и поддршка на заедниците директно на терен, во самите заедници. Оваа активност продолжи со својата работа на три локации, според претходно утврден распоред:

- село Витолиште секој вторник,
- село Кривогаштани секоја среда и
- село Ропотово секој петок.

Мобилната канцеларија беше воспоставена од страна на Станица ПЕТ во текот на претходниот проект „Пристап до правда за најмаргинализираните" (2021 година) во соработка со трите општини (Прилеп, Кривогаштани и Долнени) кои бесплатно отстапија простории за реализација на активноста. Дополнително, со оглед на тоа дека покажа одлични резултати во поврзување на луѓето кои живеат во руралните средини и кои имаат ограничен пристап до институциите поради лошата инфраструктура и поврзаноста со Прилеп каде што се наоѓаат најблиските институции, продолжи и во текот на оваа година.

Во соработка со Правниот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, беа вклучени и студенти кои се дел од Правната клиника. Главните области во кои беа потребни услугите на Мобилната канцеларија се социјалната заштита, здравственото и пензиското осигурување, личната документација, заштитата на децата, како и земјоделските и еколошките права. На овој начин беа обезбедени вкупно 471 услуга на оддалечените рурални заедници.

# Мапирање на состојбата со имунизација на таргетираните маргинализирани заедници

Во периодот на ковид-19 беше спроведено теренско истражување за состојбата и процентот на вакцинирани лица од заедниците. Анкетата беше спроведена на неформален начин, преку разговор со граѓаните, за тие да се чувствуваат слободни во комуникацијата и да споделат вистинити информации за двете клучни точки: нивниот статус на вакцинација и причините зошто би ја прифатиле/одбиле имунизацијата. По добиените и обработени информации беше подготвено информативното видео и инфографици со цел пошироката јавност да се запознае со главните заклучоци.

Со мапирањето беа опфатени вкупно 150 граѓани. Од нив 60 се Роми, а останатите 90 лица од руралните заедници.

Резултатите го покажаа следново:

38% од ромската заедница се вакцинирани, наспроти 62% кои не се вакцинирани;

Вакцинирани се 46% од жителите на руралните средини, наспроти 54% кои не се вакцинирани;

Најчести причини за добивање на вакцината се заштитата од болеста и обврската за патување и работа.

Најчести причини за неприфаќање на вакцината се стравот од друга болест или неплодност, неверувањето дека вакцините штитат од ковид-19 , а исто така верувањето дека и ковид-19 и вакцините се вештачки создадени политички алатки за контрола на луѓето. Загрижувачко е тоа што постои отпор кај младите за овие прашања, а тие се склони на предрасуди, дискриминација и теории на заговор.

Резултатите од спроведеното истражување меѓу сексуалните работници/чки покажа дека повеќе од половина се вакцинирани против ковид-19, односно 52,6% од нив примиле најмалку две дози од достапните вакцини. Кај 77% од невакцинираните испитаници преовладува стравот од несакани ефекти од вакцината.

Анкетата меѓу луѓето кои употребуваат дроги покажа дека најголем дел од овие лица се вакцинирани, односно 57,6%. Кај невакцинираните главна причина за ваквиот статус е стравот од несакани ефекти на вакцината врз нивното здравје (43% од испитаниците), 7% од испитаниците сметаат дека ако некој има силен имунитет не му треба вакцина или дека вакцините не се ефективни (28% од невакцинираните испитаници).

## Едукативни сесии со граѓани од маргинализирани заедници

Едукативните сесии се еден од најефикасните начини да се пристапи кон заедниците и да се информираат голем број луѓе за остварување на одредено право. Целта на овие тематски сесии е да се обезбеди широко едукативно влијание врз маргинализираните заедници, кои се целна група на проектот и организациите. Одржани беа 6 едукативни работилници со цел да се обезбеди широко едукативно влијание врз маргинализираните граѓани кои живеат во рурална средина или се дел од ромската заедница. Со активноста беа опфатени вкупно 240 граѓани од општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени. Работилниците беа составени од два дела. Во првиот дел беше презентирана правната помош, поддршката и услугите што ги обезбедува Станица ПЕТ, а во вториот дел учесниците имаа можност да дознаат повеќе за остварувањето на правата од социјална заштита, домувањето, инфраструктурата, права од земјоделска дејност и други прашања кои се во фокусот на различни групи граѓани.

**Со активноста беа опфатени вкупно 240 граѓани од општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени.**

## Организирање каскадни едукативни работилници за правно зајакнување

Каскадни едукативни сесии за правно зајакнување на маргинализираните групи беа одржани за лица од целните заедници од страна на параправници. Беа одржани вкупно 30 работилници на теми родово базирано насилство, значењето на имунизација, декриминализација на дрогата и декриминализација на сексуалната работа. Секој од параправниците имаше слобода да одлучи која тема ќе ја покрие според потребите на групите со кои работат. Работилниците се одржуваа на безбедни простори со почитување на анонимноста на слушателите/корисниците.

Двете параправнички за поддршка на сексуалните работници и нивните семејства одржаа вкупно 11 работилници за родово базирано насилство и декриминализација на дрога, и опфатија 35 лица.

**Двете параправнички за поддршка на сексуалните работници и нивните семејства одржаа вкупно 11 работилници за родово базирано насилство и декриминализација на дрога, и опфатија 35 лица.**

Параправниците кои работат со луѓе кои употребуваат дроги одржаа вкупно 20 едукативни работилници на кои присуствуваа 54 лица, а се однесуваа на декриминализацијата на дроги во Северна Македонија.

## Видеоподкасти

Организирањето на подкасти во живо се покажа многу успешно бидејќи на овој начин се остава простор на активно вклучување на јавноста. Во текот на спроведување на проектот беа организирани и стримувани два подкасти. Едниот подкаст е на тема социјалните и здравствени проблеми

со кои се соочуваат лицата кои употребуваат дроги од перспектива на социјални работници, а вториот е на тема уметноста како алатка за поттикнување на свеста за употребата на дроги преку призмата на претставата „Кенди" во режија на Тамара Стојаноска.

## Акции од заедницата за заедницата (сексуални работници/чки и луѓе кои употребуваат дроги)

Една од целите на проектот е градење на капацитетите на заедницата на сексуални работници/чки и луѓето кои употребуваат дроги, па преку оваа активност тоа директно се примени.

Сексуалните работници развија неверојатни вештини користејќи креативни алатки, со цел да допрат до што повеќе лица од нивната заедница и да ги зголемат нивните знаења.  За време на спроведување на проектот беа објавени шест аудио подкасти.

Првиот подкаст беше организиран по повод 2 јуни, Меѓународниот ден на сексуалните работници. Во рамките на подкастот „На појадок со госпоѓицата Јагода", сексуалната работничка беше интервјуирана за нејзината работа и проблемите со кои се соочува секој ден и во текот на нејзиниот живот.

Вториот подкаст беше објавен во ноември, а гости беа една сексуална работничка и една теренска работничка кои зборуваа за состојбата на отворена и затворена сцена во Скопје во периодот на енергетската и економската криза и предизвиците и промените со кои се соочуваат сексуалните работници од тогаш.

Третиот аудио подкаст ја опфати темата „Социјалното претприемништво", како нова можност за зајакнување на заедницата. Преку подкастот слушателите имаа можност да се информираат и да се запознаат со принципите на социјалното претприемништво со цел да се отвори дискусија

за тоа како социјалното претприемништво може да го подобри економскиот и социјалниот статус на сексуалните работници и да придонесе за зајакнување на заедницата.

Четвртиот подкаст беше објавен по повод 17 декември, Меѓународниот ден за ставање крај на насилството врз сексуалните работници.

Петтиот подкаст ја опфати темата за родово базирано насилство врз сексуалните работници на кој зборуваше правничката на ХОПС која ги советува сексуалните работници/чки и исто така им нуди помош и поддршка во вакви случаи.

На шестиот подкаст гостуваше сексуален работник од Шведска кој работи во Берлин и зборуваше за шведскиот модел на регулирање на сексуалната работа, вклучително и за негативностите/придобивките на овој модел за сексуалната работа.

Луѓето кои употребуваат droги заедно со параправниците спроведоа акција за заедницата во рамките на „Д Фестивалот“, кој беше организиран во периодот од 1 до 3 јули 2022 година, каде беше организирана работилница на тема: „Ризикот од употреба на психоактивни супстанци на музички настани“. Повеќе од 50 луѓе активно присуствуваа на работилницата.

## Градење капацитети за граѓански организации

Во периодот на спроведување на проектот беше одржана обука за мобилизација на заедницата за претставници на граѓанските организации и бранители на човекови права кои работат за маргинализираните заедници. На обуката присуствуваа 25 учесници од 7 граѓански организации кои обезбедуваат правна и параправна помош за ранливи групи граѓани. Целта на обуката беше зајакнување на вештините и знаењата на учесниците при мобилизација на заедницата со цел самите да препознаат прекршување на човековите права и да знаат каде да се обратат кога

истите се прекршени. Фокусот на обуката беше ставен на концептите на социјална отчетност, правно зајакнување, мониторинг и мобилизација на заедницата. Преку практични примери и работа во групи овие концепти беа доближени до учесниците со цел нивна примена во секојдневната работа.

Во рамки на проектот беше одржана и обука за креативен активизам на која присуствуваа 14 учесници од 6 граѓански организации кои обезбедуваат правна и параправна помош за ранливи групи граѓани. Целта на обуката беше учесниците да се запознаат со концептот на креативен активизам и како преку креативни акции може да се предизвикаат промени во општеството. Во рамки на обуката беа развиени четири сценарија за креативни акции за претходно идентификуваните проблеми во заедниците.

## Креативен активизам – начин на застапување

Обуката за креативен активизам беше навистина продуктивна и успешна. Беа поддржани четири креативни акции насочени кон различни проблеми на Ромите, луѓето кои употребуваат droги  и луѓето кои живеат во руралните средини.

На 28 декември 2022 година се одржа првата од четирите креативни акции кои се подготвени во рамки на проектот „Пристап до правда за најмаргинализираните“. Креативната акција беше поттикната од децениските проблем на жените од Шуто Оризари, недостигот на матичен гинеколог. Имено, во минатите 10

**Обуката за креативен активизам беше навистина продуктивна и успешна. Беа поддржани четири креативни акции насочени кон различни проблеми на Ромите, луѓето кои употребуваат дроги  и луѓето кои живеат во руралните средини.**

години недостигот на матичен гинеколог во Шуто Оризари го доведува во опасност репродуктивното здравје на сите жени во оваа општина. За жал, сите апели и застапувања на здруженијата придонесоа само кон привремени решенија, без притоа да се изнајде трајно решение и гинеколог кој ќе им биде на располагање на жените постојано. Последните застапувачки активности на здруженијата беа успешни и беше избран доктор кој својата работа ќе ја продолжи во Шуто Оризари на долг рок. Токму затоа произлезе потребата од организирање на креативна акција, да му се помогне на докторот во промоција, со цел што е можно поголем опфат и информирање на жените дека имаат можност да изберат матичен гинеколог во нивната општина.

На 2.2.2023 година со почеток од 12.30 часот пред просториите на Дневниот центар за деца на улица „Патека на надежта" се одржа креативната акција „И јас сум дете, не оставај ме без образование". Целта на акцијата беше да се нагласи потребата за континуирано образование на децата со цел да им се обезбеди подобра иднина. Населението на Шуто Оризари подолго време е на маргините на општеството, живеејќи во супстандардни услови. Една од главните причини која придонесува кон тоа е немањето соодветно образование, и покрај тоа што во општината Шуто Оризари постојат две основни и едно средно училиште. Бројот на деца кои го напуштаат образованието е висок, а причините за тоа се бројни. Од година во година бројот на запишани деца во прво одделение се намалува, а расте бројот на деца на улица. Оваа појава директно влијае на развојот на заедницата. Во рамки на креативната акција беше промовиран мурал со порака за континуирано образование на децата. Муралот е поставен пред детската градинка на прометно место каде што поминуваат многу од жителите на Шуто Оризари. На овој начин на родителите ќе им биде пренесена пораката за важноста на образованието, за да се обезбеди квалитетен живот за нивните деца.

На 5.5.2023 година се реализираше креативната акција „Стисни за поддршка“. Акцијата имаше цел да ја подигне јавната свесност за незаконската пракса и третман што го трпат лицата кои употребуваат дроги (со фокус на канабис). Законската регулатива од февруари 2023 година е јасна - согласно член 215 од Кривичниот законик „нема да се казни тој што поседува наркотични дроги и психотропни супстанции за лична употреба“. Затоа за време на креативната акција граѓаните беа повикани да ја дадат својата поддршка за луѓето кои неоправдано се гонат кривично поради употреба на еден џоинт, додека вистинските криминалци во индустријата се на слобода. Граѓаните застануваа, ги читаа фактичките информации и ја дадоа својата поддршка преку стискање на големо црвено копче кое произведува алармен звук како симбол за неправдата која им се нанесува на луѓето кои употребуваат дроги.

## Обуки за градење капацитети и сензибилизирање за претставници на релевантни институции на национално и локално ниво

Во рамки на проектот „Пристап до правда за најмаргинализираните“, заедно со канцеларијата на Советот на Европа во Скопје, беа одржани две обуки за вработени во Министерството за правда и Подрачните одделенија, Министерството за труд и социјална политика и Центрите за социјална работа, како и Министерството за внатрешни работи. Целта на обуките беше: „Зајакнување на пристапот до правда за сите, со посебен осврт на постапување во предмети поврзани со ранливи групи граѓани“. На првата обука учествуваа повеќе од 40 претставници на МП и МТСП кои имаа можност преку анализа на случаи, играње улоги и други техники да го надградат своето знаење и да ги подобрат вештините за обезбедување услуги за граѓаните, особено за оние најранливите. Особено внимание беше посветено на жртвите на семејно и родово базирано насилство кои често се обраќаат до двете министерства со барање за заштита од

насилниците. Покрај обезбедувањето услуги, учесниците имаа можност да се запознаат со измените на Законот за општа управна постапка, кои измени ги засегаат нив и на кој начин ќе се унапреди управната постапка за граѓаните. Воедно, добија одговор на сите дилеми кои ги имаат, а се поврзани со сегашниот закон и нејаснотиите кои ги имаат при практичната примена на законот.

Втората обука ја обработуваше истата тема, но многу поопширно и навлегувајќи подлабоко во суштината на проблемот. За да се придонесе кон унапредување на комуникацијата и подобрување на соработката во постапките за заштита на жртвите на родово базирано и семејно насилство поканети беа и претставници од МВР. На обуката присуствуваа повеќе од 50 претставници на подрачните одделенија на Министерството за правда (МП), Министерството за труд и социјална политика (МТСП), Центрите за социјална работа и Министерството за внатрешни работи (МВР). Обуката имаше цел зајакнување на пристапот до правда за сите и се фокусираше на две критични прашања: родово базирано и семејно насилство, како и правата на децата. Преку презентации, интерактивни активности и сесии за координација, претставниците од овие институции имаа цел да ги подобрат своите вештини и координација при помош и заштита на жртвите на родово базирано и домашно насилство.

## Градење капацитети на параправниците

Во периодот на спроведување на проектот ХОПС спроведе две обуки за градење на капацитетите на параправниците кои обезбедуваат услуги и помош на заедниците со кои работи организацијата – сексуални работници и луѓе кои употребуваат дрога. Целта на обуките беше зајакнување на капацитетите на параправниците за презентирање и пренесување информации и обезбедување параправна помош. Фокусот на првата обука беше кон пристапи на комуникација со маргинализирани заедници, ме-

тоди и алатки за успешна мобилизација на луѓето од заедниците и нивно запознавање со услугите што ги нуди ХОПС. Понатаму, беше презентирано што претставува и која е улогата на параправната помош и начинот на кој таа се спроведува/имплементира во програмите на ХОПС. Обуката беше интерактивна и учесниците имаа прилика да споделат лични искуства, како и да стекнат вештини преку практични примери и вежби. Фокусот на втората обука беше зголемувања на познавањата на параправнците за родово базирано насилство, декриминализација на сексуална работа и на употребата на дроги, како и дискриминација и законски права и обврски. На обуката имаше и практични вежби за согледување на односите на моќ меѓу жртвата и сторителот, проекција на краток филм, дискусија и активно учество на присутните. Учесниците имаа прилика да споделат лични искуства, претходни познавања и да добијат материјали со повеќе информации за опфатените теми, како и промотивни материјали од самиот проект.

Дополнително и Станица ПЕТ одржа обука за параправници и теренски работници од страна на Станица ПЕТ. Целта на обуката беше да се зајакне и надгради знаењето на параправниците, да се разговара за предизвиците во работа со ранливи групи граѓани, работа за време на криза, научени лекции  и следни чекори. Темите кои беа опфатени со обуката се однесуваа на обезбедувањето на услуги за време на криза, работата со ранливи категории на граѓани, функционирањето на мобилните канцеларии за параправна помош – резултати и научени лекции, практична вежба – дебатен клуб, како и заштита на животната средина и климатска правда како теми во фокусот за следниот период. Учесниците имаа прилика да споделат лични искуства, претходни познавања и да добијат материјали со повеќе информации за опфатените теми.

## Активности за застапување за подобрување на еднаквиот пристап до правда за сите граѓани

Партнерството за отворена власт (ПОВ) е меѓународна иницијатива започната од осум земји во 2011 година. Република Северна Македонија уште од самиот почеток стана дел од оваа глобална инцијатива во рамките на која Владите и граѓанските организации се залагаат за власти кои се отворени и одговорни кон граѓаните. Со приклучувањето кон иницијативата, Владата на РСМ потпиша Декларација со која се обврза заедно со граѓанските организации и граѓаните во најмалку двогодишен период да подготвува и спроведува конкретни заложби за промовирање на транспарентноста, поддршка на граѓанското учество, борба против корупцијата и искористување на новите технологии во јавната администрација и надвор од неа за поддршка на иновациите, итн. Акцискиот план за Партнерство за отворена власт за периодот од 2021 година до 2023 година ја потврдува потребата од продлабочување на претходните обврски и подобрување на нивниот квалитет. Планот содржи заложби за пристапот до правда, правното зајакнување на граѓаните и унапредување на правната заштита, особено на  младите, маргинализираните групи и жени, унапредување на испораката на јавни услуги, продолжување на активностите поврзани со јавно објавување на информација за вистинските сопственици, отворањето на нови податоци, како и активностите за спречување на корупцијата и заштита на животната средина и аерозагадувањето.

ФООМ, заедно со партнерите, активно учествува во имплементацијата на петтиот Национален акционен план за ПОВ поврзан со приоритетната област – пристап до правда. Во рамките на заложбата Правно зајакнување на граѓаните преку достапни информации и отворени институции, започна процесот на креирање Национален план за правно зајакнување. Во сеопфатен и транспарентен процес беа одржани средби со претставници на Министерството за правда, Министерството за труд и социјална политика, а дополнително беа организирани две фокус групи со претставници

на граѓански организации, како и две фокус групи со претставници на ЦСР и Подрачни канцеларии на Министерството за правда. Дополнително, беа организирани 9 состаноци во рамките на работната група под приоритет пристап до правда, а на почетокот на 2022 година беше организирана конференција на високо ниво.

Како дел од петтиот Национален акциски план за Партнерство за отворена власт во рамки на заложбата 4.4 Правно зајакнување на граѓаните преку достапни информации и отворени институции, во рамки на проектот беше организирана работилница за креирање на Национален план за правно зајакнување. На работилницата учествуваа 20 учесници од Министерството за правда и Подрачните одделенија, Министерството за труд и социјална политика и Центрите за социјална работа, како и претставници на граѓанските организации кои обезбедуваат правна и параправна помош за ранливите групи граѓани. Целта на работилницата беше подготовка на Национален план за правно зајакнување во кој се содржани потребите на обезбедувачите на услуги, како и потребите на граѓаните. Планот е насочен кон неколку стратешки приоритети кои ќе придонесат кон унапредување на пристапот до правда за сите граѓани. Преку работа во групи учесниците успеаја да развијат цели, активности и следни чекори кои ќе бидат опфатени во планот. Врз основа на сите собрани податоци консултантот ќе го подготви Националниот план и ќе го продолжи процесот за негово финализирање со вклучување на сите релевантни чинители.

Дополнително Националниот план беше презентиран на работен состанок со засегнатите страни, по кој беше подготвен Акциски план за првата година од спроведувањето. Во отворен процес и со придонес на сите засегнати страни двата документи беа финализирани и доставени до Советот за ПОВ за понатамошно усвојување и спроведување.

# Застапување за усвојување и спроведување на Националната програма за третман, грижа и поддршка на деца кои користат дроги

Како резултат на активностите за застапување на ХОПС, во октомври, министерот за здравство донесе Решение за формирање работна група за изготвување на Протокол за третман на луѓе кои употребуваат дроги, а се помлади од 15 години.

Во меѓувреме, ХОПС е во комуникација со Министерството за труд и социјална политика и се залага за донесување на Програмата за лекување, грижа и поддршка на децата кои користат дроги. Министерството за труд и социјална политика јавно се обврза да преземе натамошни чекори за усвојување на Програмата пред Министерството за здравство.

**Како резултат на активностите за застапување, во октомври, министерот за здравство донесе Решение за формирање работна група за изготвување на Протокол за третман на луѓе кои употребуваат дроги, а се помлади од 15 години.**

На меѓународно ниво, Комитетот за права на детето, во заклучните согледувања за нашата држава од 2022 година има истакнато дека едни од точките каде се очекува напредок поврзани со адолесценти, Комитетот препорачува промоција до поголем пристап до сеопфатно, соодветно на возраста, научно засновано образование за сексуално и репродуктивно здравје и права, вклучувајќи информации за спречување на адолесцентна бременост и високоризично сексуално однесување, како и за прашањата на сексуалната ориентација и родов идентитет, планирање на семејството и контрацептивни средства, како и за превенција и третман на сексуално преносливи инфекции. При спроведувањето на овие мерки, особено внимание треба да се посвети на децата во ранливи ситуации, а меѓу другото преку решавање на инциденцата на употреба на дрога од

страна на деца и адолесценти, меѓу другото, со обезбедување информации и едукација за спречување на злоупотреба на супстанции, вклучително и тутун и алкохол, и развивање достапни програми и мерки погодни за младите за третман на зависности.[2] Врз основа на овие заклучоци, ХОПС во наредниот период ќе се залага на национално ниво за конечно усвојување на програмата.

2 https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRC%2fC%2fMKD%2fCO%2f3-6&Lang=en

## Застапување за измени на Кривичниот законик и Законот за прекршоци

Како клучни закони кои ги засегаат луѓето кои употребуваат droги и сексуалните работници/чки значајно е да се истакнат измените и дополнувањата на Кривичниот законик и Законот за прекршоци против јавниот ред и мир. Во работните групи, претставниците на невладините организации ги застапуваа интересите на луѓето кои употребуваат дроги и сексуалните работници/чки, а ова особено се однесува на измените и дополнувањата на Кривичниот законик и на овој начин беа издејствувани овие измени и дополнувања.

Со Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, во членот 215, Неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори се додаде нов став 6, со кој е утврдено дека нема да се казни тој што поседува наркотични дроги и психотропни супстанции за лична употреба. Иако и претходно кривично не одговараше оној кој поседува дроги и психотропни супстанци за лична употреба, поради праксата на полиција, ОЈО и судовите, потребно беше ова експлицитно да се наведе.

Со донесување на измените и дополнувањата за Законот за прекршоците против јавниот ред и мир се намалува висината на казните поврзани со член 19 и 20, кои се однесуваат на оддавање на проституција, како и издавање, односно ставање на располагање простории за вршење на проституција и уживање на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори. Од друга страна, се зголеми висината на глобите за правното лице кое врши угостителска дејност, ако издава, односно става на располагање простории за вршење проституција, со што се ставаат во ризик сексуалните работници да не можат да користат хотели и мотели, асо тоа се зголеми опасноста од насилство кога работат на отворена сцена.

## Правото на платено отсуство поради бременост, раѓање, мајчинство и боледување на земјоделците

Жените регистрирани како индивидуални земјоделки се исклучени од Законот за здравствено осигурување во делот на надоместоци поради болест, повреда на работно место и отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство. Како осигуреници, индивидуалните земјоделци согласно член 5 став 1 точка 4 од Законот за здравствено осигурување (во понатамошниот текст ЗЗО) имаат право на здравствена заштита, но не и право на надоместоци во случај на привремена спреченост за работа поради болест, повреда или бременост, раѓање и мајчинство (член 13 и 14 ЗЗО). Индивидуалните земјоделци плаќаат 20% придонеси, немаат плата, туку остваруваат приход од земјоделска дејност на годишно ниво, кој е нередовен и условен од временските услови и слични фактори. Законот за работни односи го уредува правото на породилно отсуство, но носители на ова право се осигуреничките уредени со ЗЗО. Согласно постојните законски решенија и самовработените лица имаат право на платено породилно отсуство, иако истите не се препознаени во Законот за работните односи, ниту пак имаат обврска да примаат месечна плата (на пример, адвокати, нотари, уметници, трговци поединци итн.). Земјоделците се

фактички работници, односно самовработени лица, но законодавството не ги препознава како такви, туку ја воведува категоријата „индивидуален земјоделец" на која и доделува помалку права во споредба со другите работници и самовработени лица. Фактот што плаќаат помалку придонеси не може да се гледа како причина за нивно исклучување од правата од здравствено осигурување, туку сосема спротивно, како афирмативна мерка која имала за цел да вклучи маргинализирана категорија во системот на социјално и здравствено осигурување и како економска мерка, која има за цел да го поттикне развојот на земјоделството како една од најважните стопански дејности.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донесе мислење со кое се утврди индиректна, продолжена и интерсекциска дискриминација кон земјоделците и земјоделките во остварување на правата на согласно Законот за здравствено осигурување, и тоа, правото на надомест во случај на боледување, бременост, раѓање и мајчинство. Со мислењето Комисијата препорача Министерството за здравство да подготви и предложи измени на Законот за здравствено осигурување со кои ќе се овозможи индивидуалните земјоделци да стекнат право на платено отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство, како и право на платен надоместок за време на привремена спреченост од работа поради болест и повреда.

Во мај 2023 година Собранието ја изгласа потребата од донесување на Предлог на закон за измени и дополнување на Законот за здравствено осигурување со кој се овозможува платено породилно отсуство за земјоделки. Сите присутни пратеници гласаа „за" со што сметаме дека Предлогот на законот успешно ќе ја помине законодавната постапка и земјоделките конечно ќе добијат системско решение за правото на платено породилно отсуство. Како следен чекор, ќе работиме со Собранието за донесување на законски измени со кои ќе се овозможи платено отсуство поради боледување и повреда на работно место за индивидуалните земјоделци.

# Меѓународна научна конференција: „Човековите права и пристапот до правда за најмаргинализираните заедници - теорија и пракса“

Фондацијата Отворено Општество - Македонија, здружението Станица ПЕТ и ХОПС - Опции за здрав живот Скопје, во соработка со Институтот за истражување и европски студии - Битола и Правниот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, организираа дводневна научна конференција на тема „Човековите права и пристапот до правда за најмаргинализираните заедници - теорија и пракса“. Конференцијата беше организирана како хибриден настан на кој 16 автори од Македонија, Бразил и Индија презентираа 20 трудови.

**Целта на конференцијата беше да се идентификуваат и посочат предизвиците и препреките со кои се соочуваат маргинализираните заедници во пристапот до правда, како и да се споделат најдобрите практики и научените лекции во реализацијата на човековите права, како од теоретска, така и од практична гледна точка.**

Целта на конференцијата беше да се идентификуваат и посочат предизвиците и препреките со кои се соочуваат маргинализираните заедници во пристапот до правда, како и да се споделат најдобрите практики и научените лекции во реализацијата на човековите права, како од теоретска, така и од практична гледна точка.

На пленарната сесија од конференцијата поздравни обраќања имаа Константин Јовановски - програмски офицер при Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија, проф. др. Горан Илиќ - проректор за наука на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Адријана Лавчиска - програмска директорка, Фондација

Отворено општество - Македонија и вонр. проф. др. Ангелина Станојоска - продекан за наука и меѓународна соработка на Правен факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола.

Презентацијата на трудовите беше поделена во три панели, а авторите имаа можност да ги презентираат наодите од нивните истражувања поврзани со моменталната ситуација во Северна Македонија и другите земји во однос на еднаквиот пристап до правда. Иако РСМ декларативно е посветена кон подобрувањето на пристапот до правда и заштитата на човековите права, сепак, свесни сме дека маргинализираните групи сè уште се соочуваат со многу предизвици.

Заклучоците од конференцијата беа дека е потребно да се застапува за унапредување на целокупниот систем на правно зајакнување на граѓаните со особен фокус на пристапот до правда за маргинализираните граѓани. Притоа, системот на БПП, како единствен препознаен од државата, не е совршен и потребно е да се прилагоди на потребите на сите граѓани. Воедно, добрите практики од другите држави може лесно да бидат пресликани и во системот на правна помош во Македонија. Со оваа активност се покажа дека граѓанскиот сектор и академската заедница можат заеднички многу да понудат за подобрување на состојбите, како на ниво на заедницата, така и на повисоко општествено ниво, и дека оваа форма на соработка е потребно и корисно да продолжи да се практикува и надоградува и во иднина.

# Најчести прекршувања на човековите права во рамки на проектот „Пристап до правда за најмаргинализи-раните“



Во рамки на проектот, двете партнерски организации, ХОПС и Станица ПЕТ, обезбедуваа бесплатна правна помош со фокус на заедниците со кои работат. ХОПС работи со сексуални работници/чки и лица кои употребуваат дроги, додека Станица ПЕТ работи со маргинализираните заедници во градот Прилеп со фокус на ромската заедница, руралните заедници од регионот Мариово (општина Прилеп), како и со двете рурални општини Кривогаштани и Долнени. Во продолжение даден е преглед и анализа на најчестите прекршувања на човекови права регистрирани од страна на организациите во рамки на проектот „Пристап до правда за најмаргинализираните".

## Луѓе кои употребуваат дроги и сексуални работници/чки

Луѓето кои употребуваат дроги се соочуваат со значителни повреди на нивните здравствени права и тоа од повеќе аспекти. Постојат случаи каде што се соочуваат со отежнат пристап до лекување и им е прекршено правото на лекување од зависност од повеќе причини во различни временски периоди на спроведување на проектот.

Како последица од ковид-19, од страна на Владата беа донесени повеќе мерки за заштита на населението, меѓу кои и мерките за ограничување на движењето на сите граѓани (полициски час) и воведен редуциран возен ред на јавниот превоз. Ваквите донесени мерки го ограничуваа и отежнуваа движењето на сите граѓани, но особено

> **Луѓето кои употребуваат дроги се соочуваат со значителни повреди на нивните здравствени права и тоа од повеќе аспекти. Постојат случаи каде што се соочуваат со отежнат пристап до лекување и им е прекршено правото на лекување од зависност од повеќе причини во различни временски периоди на спроведување на проектот.**

тешко ја погодија заедницата на лицата кои употребуваат дроги. На овие луѓе значително им беше отежнат пристапот до лекување од зависност, особено на оние кои живеат во рурални средини и се подалеку од Центарот за лекување од зависности во Кисела Вода, кои користат две автобуски линии во еден правец за да пристапат до центарот за третман, што ги доведуваше во ризик да ја прекршат забраната за движење во одредени периоди, не по своја вина. Исто така, воведувањето на државен карантин со изолација во траење од 14 дена за сите лица кои пристигнуваа во нашата држава од друга странска држава, особено тешко ги погоди лицата кои употребуваат дроги. На лицата кои се лекуваат од зависност со дроги, им беше оневозможен или значително отежнат пристапот до лекување, бидејќи овој момент не беше предвиден во владините мерки поради што задоцнето или воопшто не им се обезбедуваше соодветна метадонска терапија до местата каде беа сместувани. На ист начин, врз лицата кои употребуваат дроги се одрази и мерката изолација поради позитивен статус на ковид-19 или поради контакт со позитивно лице на ковид-19. Овие лица, доколку беа на терапија, се случуваше да не ја добијат на време или воопшто да не ја добијат (ако немале како да контактираат со центарот за лекување), поради што им се влошува здравствената состојба и успешноста на лекувањето.

Мерките за ограничување на движењето ги погодија и активните корисници на дроги, односно оние кои не се на супституциска терапија, така што истите немаа можност навреме да си ги обезбедат потребните дози, поради што често запаѓаат во апстиненцијални кризи, а се зголемува опасноста од предозирање и фатален исход. Додека, пак, оние кои користат неопијатни дроги, а кои ги контактира ХОПС, најчесто се од помладата популација и работат во клубови и кафулиња, директно беа погодени од мерката за заштита од пандемија која се однесуваше на затворањето на угостителските објекти, поради тоа што останаа без работа повеќе месеци. Друг проблем со кој се соочија е тоа што кризата од пандемијата доведе до поскапување на супстанците, што неминовно влијаеше врз

нивната економска состојба, а тоа резултираше со купување на дроги со значително намален квалитет, а во одредени случаеви и до промена на супстанца.

Отежнатиот пристап до лекување за време на ковид-19 не ги изостави лицата кои употребуваат дроги на кои не им беше пружена соодветна итна здравствена заштита и помош. Најмалку еден непотврден случај е регистриран со смртна последица од предозирање на корисник во време на ковид-19 пандемијата. Целиот фокус за време на ковид-19 беше насочен кон пациенти болни од ковид-19, а оние кои што имаа тековни и новонастанати здравствени проблеми ги занемари. Луѓето кои употребуваат дроги поради сериозни здравствени проблеми се јавуваа во здравствени установи со цел добивање на соодветна помош, но истите не ја добиваа со образложение дека се постапувало само во итни и неопходни случаи, а останатите здравствени проблеми не ги третирале како итни. Па, таквото непостапување и не пружање здравствена помош доведе до сериозно нарушување на здравствената состојба и животнозагрозувачка опасност.

Покрај мерките кои Владата ги донесе за заштита од корона-вирусот, во периодот од месец мај 2021 година, па сѐ до денес, се забележа тренд кај ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа, на решенија за престанок на правото на помош и нега од друго лице на луѓето кои употребуваат дроги. Поточно ова право претходно го користеле повеќе години со контролни прегледи, но на секој контролен преглед со истата медицинска документација кој ја доставуваа и во времето на пандемија, ова право им било продолжувано. Со ваквото постапување, се воспостави лоша пракса во времето на пандемијата од ковид-19, кога беше под ризик здравјето на сите граѓани, особено на оние кои претходно имаа хронични заболувања, како луѓето кои употребуваат дроги, да им се укинуваат правата кои ги користеле и пред пандемијата и уште повеќе се ставаа во понеповолна, ризична положба со што се зголеми ризикот од дополнително влошување на нивната здравствена состојба. Важно да се напомене е тоа што оваа пракса сѐ уште трае.

Исто така, во текот на 2022 година беше прекршено правото на лекување од зависност на луѓето кои се лекуваат од опијатна зависност со бупренорфинска терапија во период од 18 април до 6 мај 2022 година, кога им беше оневозможено правото да се лекуваат со супституциска терапија со бупренорфин од страна на Центарот за превенција и третман од зависности од droги Кисела Вода, бидејќи Центарот останал без терапија како последица од не спроведен тендер за овој лек од страна на Министерството за здравство. Бидејќи Дневниот центар немаше терапија, на клиентите им се издаваа рецепти за да можат самите да ја обезбедат терапијата приватно од аптеки, иако терапијата која не е со вклучена партиципација од Фондот за здравствено осигурување е скапа, а најголем дел од клиентите не можат да си дозволат да ја купат на приватно, бидејќи голем дел од нив не се вработени и живеат со парична помош остварувајќи право од социјална заштита. Иако во 2022 година, како и во секоја година, е донесена Програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности, која ја предвидува потребата од помош и навремено бесплатно лекување на лицата кои се борат со болести на зависност, како и подеднаква достапност на терапијата до сите лица со нарушена состојба поради употреба на дроги, сепак, необезбедувањето на бупренорфинската терапија за луѓето кои се лекуваат од зависности и нивната изложеност на високи финансиски трошоци за обезбедување на терапијата приватно е спротивно на програмата.

Дополнително се забележуваат и други причини поради кои на луѓето кои употребуваат дроги им бил отежнат пристапот до терапија. На пример, на едно лице кое се лекува со супституциска терапија со метадон во Центарот во Охрид, откако се преселил во Скопје, се обидел да продолжи да се лекува во Дневната болница во Кисела Вода, за што му била издадена и потврда од Центарот во Охрид со податоци за количината на терапија која ја прима, од страна на Дневната болница во Кисела Вода бил одбиен да биде запишан на терапија, со образложение дека најпрво мора да го промени живеалиштето во лична карта со адреса во Скопје, па потоа да

биде запишан на терапија во болницата (иако лицето не беше во можност да го промени живеалиштето во лична карта, бидејќи куќата во која живееше не поседува имотен лист).

Лицата кои употребуваат droги се соочуваат и со пречки при остварување на правото на пристап до здравствено осигурување. Овој проблем особено ги погодува жените кои употребуваат дроги, а кои се во брак, така што не можат самостојно да го остварат правото на задолжително здравствено осигурување, а следствено на тоа и остварувањето на здравствените услуги од основна здравствена заштита. Имено, постои воспоставена пракса според која носител на задолжително здравствено осигурување во едно семејство е мажот, од каде последователно се обезбедува задолжително здравствено осигурување и на членовите на неговото семејство. На овие жени им се одбива правото да бидат носители на задолжително здравствено осигурување, бидејќи се во брак, а како носители на задолжително здравствено осигурување се јавуваат нивните брачни другари. Доколку истите мораат да користат здравствени услуги, тие се наплатуваат во целост, како приватни, бидејќи се надвор од системот на задолжителното здравствено осигурување. Ваквите случаи најчесто се и случаи каде што жените трпеле семејно или друг вид родово базирано насилство што дополнително ја отежнува нивната положба. Со оневозможен или ограничен пристап до здравствени услуги поради нерегулирано здравствено осигурување се соочуваат и лицата кои употребуваат дроги кои се на издржување на казна затвор, бидејќи се отпуштат од затвор без документи за лична идентификација и без здравствено осигурување, па не можат веднаш да продолжат со лекување од опијатна зависност, додека, пак, болестите од зависност имаат потреба од континуирано лекување. Тоа што ги отпуштат и без лична карта, покрај тоа што им го отежнува пристапот до здравствено осигурување, им го оневозможува пристапот до кое било друго право, како и до одредени институции каде што не е дозволен влез без документ за лична идентификација, како на пример судовите и слично.

Луѓето кои употребуваат дроги често пријавуваат случаи на повреда на правото на лекување и правото на пристап до матични лекари. Лицата не можат да најдат матичен лекар, односно тие се одбивани од повеќе матични лекари откако лицата им кажале дека им е потребен упат за Болницата за лекување од зависност, со образложение дека немаат повеќе место за нови пациенти, што не претставува основ за одбивање. Во време на ковид-19 пандемија немањето матичен лекар значеше намалување или оневозможување на пристапот до елементарни здравствени услуги и во врска со ковид-19, но и во врска со други здравствени состојби.

Луѓето кои употребуваат дроги често се изложени на стигма и дискриминација од страна на општеството и институциите. Дискриминацијата, односно нееднаквиот третман, ограничувањето на правата и оневозможувањето на пристапот до добра и услуги не само што ги погодува луѓето кои употребуваат дроги, туку и ги демотивира истите да ги пријавуваат ваквите случаи, поради недовербата во системот и институциите. Регистрирани се случаи на дискриминација од страна на повеќе институции и тоа: Универзитетската стоматолошка клиника, Центарот за згрижување на бездомни лица во Чичино село, Центарот за социјални работи - Скопје, полициски службеници, Универзитетска клиника. Луѓето кои употребуваат дроги се соочуваат со дискриминација во повеќе области и тоа: здравствена заштита, социјална заштита, пристап до права, добра и услуги, вработување и работни односи и друго.

Друг поголем проблем со кој се соочуваат луѓето кои употребуваат дроги е отежнат пристап за вадење на патна исправа со изречена забрана за нејзино издавање. Се работи за управна постапка, што е тесно поврзана со кривичната постапка. И покрај тоа што согласно Законот за патни исправи, судот е должен веднаш по службена должност да го извести Министерството за внатрешни работи кога ќе престанат причините за изречената забрана, тоа во пракса не е така. Напротив, во пракса луѓето треба сами да поднесат барање до Кривичниот суд за секое кривично дело, особено за тоа дали има забрана или не. Со секое барање треба да под-

несат отпусно писмо од затвор, фотокопија од лична карта и да уплатат 135 денари. Потоа чекаат одговор за секое поднесено барање посебно, а во случаите кога клиентите имаат повеќе кривични дела, тоа може да трае и повеќе од една година, додека во одредени случаи се случило судот воопшто да не може да најде одредени кривични предмети за да одговори по барањето. Поради долготрајноста на постапката, пречките кои можат да се јават, а и од финансиски причини, некои клиенти воопшто не ја ни почнуваат постапка, а некои и се откажуваат во текот на постапката. Со ваквата воспоставена пракса им се отежнува и ограничува правото на движење на луѓето кои издржале казна затвор, како едно од основните човекови права.

Луѓето кои употребуваат droги често се соочуваат со тортура, нехумано и деградирачко постапување од страна на полицијата. Сепак,  не се охрабрени да пријавуваат, а причината за малиот број на пријавени случаи, односно немотивираноста на клиентите да ги пријавуваат нивните случаи е поради недовербата во системот и институциите. Тие сметаат дека никој не може да им помогне, никој нема да постапи по нивните пријави, ниту дека некој ќе ги заштити, особено затоа што прекршувањето на правата е толку честа практика што прераснала во навика за овие луѓе. Подолу накратко се опишани пријавените случаи на тортура и деградирачко постапување. Во овие случаи се соочуваат со прекршување на права при претрес, приведување, задржување во полициска станица, но и физичко и психичко насилство.

Посебен проблем кај луѓето кои употребуваат дроги е тоа што се казнуваат заради сторено кривично дело по член 215 од Кривичниот законик кој се однесува на неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори, за употреба на дрога како и за секое поседување на дрога за лична употреба. Според оваа пракса, полицијата, јавното обвинителство и судовите воведуваат казнена политика со која ја криминализираат употребата на дрога.

Жените кои употребуваат дроги се изложени на уште поголема стигма и дискриминација од мажите кои употребуваат дроги, најмногу поради фактот што општеството според своите норми повеќе прифаќа мажите да употребуваат дроги, не и жените, но приближно една четвртина од луѓето кои употребуваат дроги на светско ниво се жени[3]. Токму поради тоа жените кои употребуваат дроги многу често се јавуваат како жртви на интерсекциска дискриминација, како и жртви на родово базирано насилство и семејно насилство вршени од страна на нивните брачни другари, партнери и браќа, но може да се забележи целосно несоодветно постапување од страна надлежните институции, стигма и дискриминација кон овие жени. Уште еден, исто така, голем проблем со кој се соочуваат овие жени е тоа што Програмите за лекување од опијатна зависност не се родово сензитивни и за жени, поточно повеќе се прилагодени на потребите на мажите, поради што поголем дел од жените кои употребуваат дроги се обесхрабруваат да започнат третман на лекување.

3 Родово базирано насилство врз жените кои употребуваат дроги, достапно на: https://hops.org.mk/wp-content/uploads/2021/06/hops-5.pdf

Дел од мерките за заштита од ковид-19, кои ги носеше Владата на РСМ, исто така ги погоди и сексуалните работници. Мерката која се однесуваше на затворањето на угостителските објекти, остави без работа многу сексуални работници. Дополнително со воведувањето на забраната за движење се отежна работата на оние сексуални работници кои работата на отворена сцена. Од причини што најголем дел од сексуалните работници кои ги контактира ХОПС, сексуалната работа им е единствен приход на егзистенција, овие ограничувања речиси и да ги оставија без финансиски средства. Бидејќи сексуалната работа во РСМ не е призната, сексуалните работници се дел од неформалната економија, и пред пандемијата и за време на корона-вирусот, за излез од кризата, единствено можеа да ги користат паричните надоместоци предвидени со Законот за социјална заштита и економските мерки што беа изречени за време на пандемијата кои ги опфаќаа и луѓето од неформалната економија.

Потоа, сексуалните работници се често жртви на родово базирано и семејно насилство од страна на семејство, партнери, роднини и клиенти. Во голем број од случаите сексуалните работнички првично поради непрепознавање на семејното насилство, а уште повеќе поради недовербата во системот, тешко се мотивираат да пријавуваат насилство, а и кога ќе пријават многу често се откажуваат во текот на постапката. Значајно е да се укаже дека полицијата и останатите институции во некои случаи пропуштаат да постапат со должно внимание согласно Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство и ги дискриминираат и ревиктимизираат жртвите, со што не обезбедуваат соодветната заштита од страна на жртвите, особено кога станува збор за насилство од страна на непознати сторители. Трансродовите жени кои се сексуални работници се дополнително изложени на насилство, но сепак и тие не се мотивирани да ги пријават случаите заради недоверба во институциите.

Сексуалните работници се соочуваат со непостапување од страна на полицијата, во случаи кога полициските службеници не преземаат никакви дејствија по нивни пријави за насилство од страна на клиенти или непознати лица кои поминуваат покрај улицата на која работат на отворена сцена, што претставува како прекршување на човекови права, така и дискриминација. Сексуалните работници, исто така, се соочуваат и со тортура, нехумано и деградирачко постапување и казнување од страна на полиција.

Оваа маргинализирана група често е изложена на стигма и дискриминација од страна на општеството и институциите, особено оние сексуални работници кои се и трансродови лица. Исто така, често се случува да се изложени на дискриминација и вознемирување од страна на портали и нивни клиенти преку преземање фотографии од нивните социјални мрежи и нивно неовластено објавување на нивни портали со вознемирувачка, понижувачка и навредлива содржина. Додека, пак, сексуалните работници се соочуваат со повреда на правото на приватност најчесто

од непознати лица или нивни сегашни и поранешни партнери. На неколку сексуални работнички беше регистрирано грубо кршење на правото на приватност и биле злоупотребени нивните лични податоци од страна на непознати лица кои објавуваат на порно портали видеа со сексуална содржина снимени и објавени без нивно знаење и согласност. Непознато лице објавило порно видеа на одреден порно сајт од жени кои работат на отворена сцена без нивна дозвола. Исто така, сексуалните работнички се соочуваат и со објавување видеа со навредувачка содржина без нивна согласност на социјални мрежи и со споделување на нивни фотографии и видеа на познати и непознати лица по социјалните мрежи.

Сексуалните работници се соочуваат со неможност да го остварат правото на здравствено осигурување и други права од социјална заштита бидејќи се во законски брак со брачни партнери со кои долги години не живеат и немаат никакви контакти, а поради тешка материјална состојба не се во можност да отпочнат постапка за развод на брак, поради високите трошоци за адвокатски услуги кои настануваат во судските постапки при развод на брак, бидејќи за брачниот партнер кои се со непознато живеалиште/престојувалиште, се назначува привремен застапник (адвокат). Со овој проблем се соочуваат и во случај кога би оствариле секундарна правна помош (адвокат кој им го доделува државата), бидејќи доколку судот за нивните партнери постави адвокат по службена должност, ќе треба да ги платат трошоците за адвокатот. Во овие случаи покрај клиентките, без здравствено осигурување остануваат и нивните малолетни деца.

Како еден од поголемите проблеми со кои се соочуваат оние сексуални работнички кои имаат склучено законски брак е тоа што по напуштање на брачната заедница не се разведуваат, а започнуваат заеднички живот со други партнери, во кои заедници раѓаат деца со новите партнери, а бидејќи не се разведени со законските сопрузи, туку само разделени, според законот како татко на децата се запишува брачниот партнер на мајката (што не е биолошки татко на детето). Токму поради тоа најголем дел од мајките одлучуваат воопшто да не ги пријавуваат децата. Ова претставува голем проблем, бидејќи децата остануваат без здравствено

осигурување, а и подоцнежното пријавување секако повлекува и судска постапка за докажување на татковство, која поради вештачењето за ДНК е скапа постапка, особено за сексуалните работници со ниски примања.

Проблем со кој се соочуваат припадниците на маргинализираните групи, и тоа од сексуалните работници и луѓето кои употребуваат дроги е отежнатата постапка за вадење документ за идентификација (лична карта). Причината поради која немаат документ за лична идентификација е тоа што не можат да обезбедат адреса на живеење, бидејќи живеат во бесправно изградени објекти, а истовремено немаат ниту можност да склучат со некого Договор за закуп. Дел од овие заедници, како на пример Ромите во Прилеп се населени во места каде според ДУП не е предвидено изградба на објекти, па истите не можат ниту да ги легализираат. Инаку, дури и кога се јавува можност некој клиент да склучи Договор за закуп со лице кое е сопственик на недвижен имот, таквиот Договор не можат да го заверат на нотар, бидејќи клиентот нема лична карта, а МВР го бара Договорот за закуп заверен на нотар. Ова претставува сериозен проблем, бидејќи без лична карта не се во можност да остварат ниту едно друго право, како на пример здравствено осигурување, кое во одредени случаи може да биде и фатално, бидејќи дел од овие лица се наоѓаат во ранлива финансиска положба и не се во можност да ги платат здравствените услуги приватно и најчесто се случува да не одат на лекар кога имаат здравствени проблеми или да не добиваат услуги сè додека не платат приватно. Потоа, немањето лична карта им го отежнува пристапот до институциите, како на пример, судот, каде не можат да се јават на судски покани, во овој случај особено се важни кривичните постапки, бидејќи се осудуваат во отсуство со повисоки казни и издржуваат казна затвор, без можност да се бранат во текот на постапката.

# Маргинализирани заедници во градот Прилеп – Роми и луѓе од руралните заедници од регионот Мариово (општина Прилеп), како и со двете рурални општини Кривогаштани и Долнени

Пристапот до бесплатна правна проблем во Прилеп е отежнат, почнувајќи од формалниот дел, односно подрачното одделение за бесплатна правна помош се наоѓа во руиниран објект кој нема услови за работа. Дополнително  што во подрачното одделение често се менуваат вработените, а моментално има само еден вработен, кој никогаш не е во канцеларијата, иако самиот службеник треба да обезбедува примарна правна помош. За ваквата ситуација е запознаено Министерството за правда, но соодветна реакција нема. На пример, Тетово, како град со приближна големина на градот Прилеп, во подрачното одделение има вработено 21 лице, а во Прилеп само едно. Исто така, вработеното лице во Прилеп нема овластување за донесување решенија за одобрување на секундарна правна помош, па овие барања се препраќаат во Битола. Бидејќи големиот број барања, кои се од повеќе места, се одлучуваат само во Битола, во некои случаи повеќекратно се пробива законскиот рок за одлучување.

Дискриминацијата на Ромите во угостителските и во другите јавни објекти во Прилеп е долгогодишна реалност за која имало повремени реакции, но тие не го спречиле нејзиното повторување. На ваквата практика е реагирано на повеќе нивоа, преку преземање сеопфатни дејства за идентификување на проблемот и негово јавно и институционално актуализирање и санкционирање. Исто така, има регистрирано и случаи на дискриминација при вработување во приватниот сектор во помалите бизниси.

Постои недореченост и законски вакуум во однос на регулацијата на начинот на продолжување на основното образование на децата кои наполниле 16 години, а треба да учат во VII или во VIII одделение. Истите не можат да бидат вклучени во редовното образование, а во рамките на

образованието за возрасни постои недостиг на соодветна распределба на обврските и надлежностите меѓу самите основни училишта и Министерството за образование, кои меѓусебно ја префрлаат топката околу тоа кој е надлежен за носење на програмата за образование на возрасни. Резултат на сево ова е немањето соодветна програма за образование за возрасни за деветгодишно основно образование и нерешениот статус на овие деца.

Исто така, се јавува проблем и кај барателите на азил кои повремено одат во странство, во делот на образование на нивните деца и правата од социјална заштита. Овие лица немаат доволно информации за азил и се утврдува потребата од зголемување на нивните знаења, па кога одат во странство ги земаат децата со нив и децата подоцна кога ќе се вратат губат години од нивното образование. Дополнително, лицата, баратели на азил кои се корисници на гарантирана минимална помош, не пријавуваат дека одат во друга државата како баратели на азил, на тој начин го губат правото на гарантирана минимална помош, па кога ќе се вратат во државата немаат никакви примања, затоа што поради прекинот во остварување на правото не може во рок од 1 година повторно да аплицираат.

Луѓето од руралните средини кои живеат во области оддалечени од институциите, со оштетена или без воопшто никаква патна инфраструктура, имаат отежнат пристап до права и услуги кои ги обезбедуваат институциите лоцирани во урбаните средини. Така, на пример, луѓето кои живеат во мариовскиот регион, за обезбедување основни права и услуги, треба да одат до најблискиот град – Прилеп, за што треба да поминат повеќе од 100 километри во двата правци. Најголем дел од институциите ги нема населените места во руралните средини, па приморани се да одат во Прилеп, а поради оддалеченоста често се откажуваат и воопшто не поднесуваат барања за остварување на различни права. Достапноста на институциите особено претставува проблем за оние лица кои се неуки, затоа што при остварување на некои права приморани се повеќе пати да одат до институциите. Луѓето од руралните средини во околината на Прилеп за вадење

на лична документација мора да одат во Прилеп, како и за регулирање на здравственото осигурување. Нивната здравствена заштита и здравје, исто така, се ставени во ризик затоа што немаат целосна здравствена заштита во нивните населени места, особено во врска со сексуално и репродуктивно здравје.

Како проблем со кои се соочуваат лицата кои живеат во рурални заедници е нередовна исплата на финансиска помош – субвенции. Ваквата пракса е на штета на спроведувањето на целите на националната земјоделска политика и на штета на индивидуалните земјоделци. Исто така, во рамки на спроведувањето на проектот во 2020 година беа регистрирани лоши услови под кои започна откупот на тутун, па тоа доведе до организирање масовни протести, кои беа особено ризични во време на значително зголемување на бројот на заболени од ковид-19, како и до целосно стопирање на откупот на тутун, со повлекување на повереницитe од откупните пунктови, при што отсуствуваше законска можност за правилно и квалитетно спроведување на откупот.

Постои општа практика на одолжување на барањата за прием во државјанство од страна на Одделот за граѓански работи при МВР, која се провлекува со години, дури и повеќе од четири и пол години. Во Законот за државјанство не е предвиден рок за одговор по барањата за прием во државјанство, но тоа не значи дека таков рок не постои, бидејќи истиот е предвиден во Законот за општа управна постапка, како општ закон, и изнесува 30 дена од приемот на барањето. За ваквата пракса има реагирано и Народниот правобранител, но одговорот е дека проблемот е поради доцнењето на издавање на мислење од страна на Агенцијата за национална безбедност.

За време на спроведување на проектот беше констатираната системска неправилност при остварувањето на правата од социјална заштита, па преку поднесување иницијатива до МТСП за измена на Уредбата за остварување на правото за гарантирана минимална помош Станица ПЕТ постигна промени. Како резултат на тоа, МТСП ја смени практиката според

која ЦСР ќе одлучува само врз основа на документ за лична идентификација, додека преостанатата потребна документација регионалната ЦСР ќе ја обезбедува по службена должност.

Заштитата и унапредување на животната средина често се запоставува особено кога станува збор за маргинализирани групи граѓани, иако свесни сме дека влијае врз здравјето на луѓето, здравствената состојба и општо квалитетот на живот. Во населбата каде што живее ромска заедница во Прилеп има повеќе диви депонии, кои иако по повеќе реакции дел од нив беа исчистени, сепак тие повторно се затрупуваат. И во руралните средини, проблемот со диви депонии постои. Во Кривогаштани има една дива депонија која е во должина повеќе од 1 километар и тука се носи отпадот од повеќе села. Особено загрижува што овие диви депонии во руралните средини се наоѓаат на плодно земјиште. Во општина Долнени, исто така, во повеќе села се забележуваат диви депонии, а во Лажани реката е полна со смет. Дел од одговорноста секако се пронаоѓа кај граѓаните, но сепак локалните власти треба да се заложат за воспоставување на регуларни депонии согласно стандарди, која нема да ја загрозува почвата и воздухот. Дополнително, локалните власти треба системски да пристапат кон решавање на ваквиот проблем преку повеќе активности, но и предвидување и спроведување на систем на казни.

# Заклучоци



Преку успешно имплементирање на проектот „Пристап до правда за најмаргинализираните" се постигнаа целите и се спроведоа активности насочени кон обезбедување правни и параправни услуги на маргинализираните заедници, зајакнување на нивните права, зголемување на знаењето и свеста, како и застапување за еднаков пристап до правда за сите.

Обезбедувањето квалитетни правни и параправни услуги беше клучен фокус на проектот. ХОПС и Станица ПЕТ, обезбедија параправна и правна помош за сексуалните работници, луѓето кои употребуваат дроги, Ромите, лицата кои живеат во рурални средини и други маргинализирани групи. Тие понудија параправна и правна помош поврзани со семејни права, социјална заштита, дискриминација, одредби од кривичниот законик и упатување до други услуги за поддршка. Проектот во голема мера придонесе за подобрување на пристапот до правда за овие заедници.

Преку имплементирање на проектот успешно се зголемија знаењето и свесноста кај маргинализираните заедници за нивните права и важноста од барање правна заштита. Организирани беа едукативни сесии и работилници кои опфатија теми како што се: социјалната заштита, домувањето, земјоделството, родово базирано и семејно насилство, како и декриминализацијата на дрогата и сексуалната работа.

Проектот одигра клучна улога во справувањето со дезинформациите поврзани со пандемијата ковид-19. Со спроведување на истражувањето и мапирање на статусот на имуниза-

**Проектот одигра клучна улога во справувањето со дезинформациите поврзани со пандемијата ковид-19. Со спроведување на истражувањето и мапирање на статусот на имунизација на целните маргинализирани заедници, проектот овозможи информации за стапките на вакцинација и причините за прифаќање или отфрлање на вакцината.**

ција на целните маргинализирани заедници, проектот овозможи информации за стапките на вакцинација и причините за прифаќање или отфрлање на вакцината.

Исто така, проектот се фокусираше на градење на капацитетите на граѓанските организации, бранителите на човекови права, институциите, како и на параправниците, преку спроведување на повеќе обуки. Обезбедена е и обука за мобилизација на заедницата, со што се подобрува нивната способност ефективно да ги поддржат маргинализираните заедници. Со зајакнување на вештините и знаењата на овие организации, проектот придонесе за долгорочна одржливост и влијание. Обуките претставуваат значаен чекор кон унапредување на состојбата и заштитата на жртвите на родово базирано и семејно насилство и децата. Очекуваме соработката помеѓу присутните чинители значајно да придонесе кон креирање на побезбедно и поправедно општество за сите.

Напорите на ФООМ и партнерските организации резултираа со значителен напредок во врска со пристапот до правдата и зајакнувањето на маргинализираните заедници. Преку сеопфатен и транспарентен процес, иницирaн е развој на Национален план за правно зајакнување, во кој се вклучени клучните чинители од државните институции и граѓанските организации. Планот има за цел да одговори на стратешките приоритети и да го подобри пристапот до правдата за сите граѓани. Понатаму, напорите за застапување доведоа до формирање на работна група за подготовка на Протокол за третман на малолетни корисници на дроги и разговори со Министерството за труд и социјална политика за усвојување на Програма за лекување, нега и поддршка на деца кои употребуваат дроги. Меѓународното признавање и препораките од Комитетот за правата на детето дополнително ги зајакнаа напорите за застапување во промовирањето на сеопфатно сексуално образование, вклучително и решавање на злоупотребата на супстанции кај децата.

Дополнително, преку активно застапување беше изменет на Кривичниот закон и Законот за прекршоци, со кои се штитат правата на лицата кои

употребуваат дроги и сексуалните работници преку декриминализирање на поседувањето дрога за лична употреба и намалување на казните поврзани со проституција и употреба на дроги. Конечно постигнат е значителен напредок и во однос на остварување на правото на платено отсуство за породилно за индивидуалните земјоделки, при што Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донесе мислење со кое се препорачуваат измени на Законот за здравствено осигурување, да им се овозможи на индивидуалните земјоделки да имаат пристап до платено отсуство поради бременост, раѓање и мајчинство, како и надоместоци поради болест и повреда на работно место. Позитивниот одговор од Собранието дополнително укажува на заложбата за решавање на ова прашање законодавно.

**Луѓето кои употребуваат дроги се соочија со значителни прекршувања на нивните здравствени права за време на пандемијата. Мерките преземени за контрола на ширењето на ковид-19, како што се ограничувањата на движењето и протоколите за карантин, несразмерно ја погодија оваа заедница.**

Анализата на најчестите прекршувања на човековите права на маргинализираните заедници, особено луѓето кои употребуваат дроги и сексуалните работници, Ромите и луѓето кои живеат во руралните средини, во рамките на проектот „Пристап до правда за најмаргинализираните“ открива бројни предизвици и системски неуспеси. Овие прекршувања се случуваат во различни области вклучувајќи здравствени права, пристап до лекување и терапија од зависности, социјалната заштита, дискриминацијата, насилството и пристапот до услуги и бесплатна правна помош. Пандемијата ковид-19 дополнително ги влоши овие предизвици, што резултираше со дополнителни бариери за остварување на основните права, услуги и поддршка.

Луѓето кои употребуваат дроги се соочија со значителни прекршувања на нивните здравствени права за време на пандемијата. Мерките преземени за контрола на ширењето на ковид-19, како што се ограничувањата на движењето и протоколите за карантин, несразмерно ја погодија оваа заедница. Ограничениот пристап до центрите за лекување од зависности, одложеното или несоодветното обезбедување на метадон и други терапии, како и пречките во обезбедувањето на потребните дози, придонесува за влошување на здравствените состојби и зголемен ризик од предозирање и смртност.

Пристапот до здравствена заштита, вклучително и правото на здравствено осигурување и матични лекари, се покажа како предизвик за луѓето кои употребуваат дроги. Овие лица се соочија со дискриминација, нееднаков третман и одбивање на услуги во различни институции, вклучувајќи ги стоматолошките клиники, центрите за социјални работи и полициските станици. Недостатокот на доверба во системот и институциите дополнително ги попречува поединците да пријават прекршувања и да бараат помош. Тешкотиите со кои се соочуваат при добивање на патни документи и криминализацијата на употребата на дрога дополнително ја ограничуваат слободата на движење и ја овековечуваат стигмата против оваа заедница.

**Пристапот до здравствена заштита, вклучително и правото на здравствено осигурување и матични лекари, се покажа како предизвик за луѓето кои употребуваат дроги. Овие лица се соочија со дискриминација, нееднаков третман и одбивање на услуги во различни институции, вклучувајќи ги стоматолошките клиники, центрите за социјални работи и полициските станици.**

Слични предизвици доживеаја и сексуалните работници. Затворањето на угостителските објекти и ограничувањата за движење оставија многу сексуални работници без приходи, бидејќи нивната работа не е призна-ена и е дел од неформалната економија. Родово и семејното насилство, како и дискриминацијата, се проблеми со кои се соочуваат сексуалните работници, особено трансродовите жени. Случаите на непостапување од страна на полицијата, необезбедена соодветна заштита и прекршување на правата на приватност, дополнително ја влошија ранливоста на оваа маргинализирана група.

Наодите укажуваат на неколку критични прашања поврзани со пристапот до правна помош во градот Прилеп, како и со дискриминација, образова-ние, социјална заштита, државјанство и заштитата на животната средина во Прилеп и неговата околина. Овие прашања претставуваат значителни предизвици за маргинализираните групи во заедницата, особено ром-ската популација. Недостигот на соодветна правна помош и дотраените капацитети ја попречуваат способноста на поединците ефективно да ги остваруваат своите права. Дискриминацијата опстојува во угостителска-та индустрија и вработувањето во приватниот сектор, што дополнително ги влошува социјалните нееднаквости. Образовниот систем се соочува со предизвици во обезбедувањето соодветна поддршка на децата од маргинализирано потекло, што доведува до недостаток на програми за образование за возрасни. Барателите на азил, исто така, се соочуваат со тешкотии во пристапот до услугите за социјална заштита, а бирократски-те пречки ја попречуваат нивната способност да ја добијат потребната поддршка. Луѓето од руралните средини кои живеат во области оддалече-ни од институциите, со оштетена или без воопшто никаква патна инфра-структура, имаат отежнат пристап до права и услуги кои ги обезбедуваат институциите лоцирани во урбаните средини.

# Препораки



Врз основа на заклучоците кои се добија од спроведување на проектот, најзначајните проектни достигнувања и најчестите прекршени права на маргинализираните заедници може да се издвојат препораките дадени во продолжение. Со спроведувањето на овие препораки може да се придонесе за понатамошно унапредување на пристапот до правдата, зајакнување на маргинализираните заедници и промовирање на човековите права во земјата.

- Граѓанските организации надоврзувајќи се на досегашните достигнувања да продолжат со нивните заеднички напори за еднаков пристап до правда за сите;

---

- Да се направат напори за подобрување на пристапот до бесплатна правна помош преку рационализација на административните процеси и обезбедување на соодветни услови за работа на подрачните канцеларии на Министерството за правда за бесплатна правна помош;

---

- Да се продолжи застапувањето за препознавање на сите форми на правно зајакнување од страна на државата и да се обезбеди соодветно финансирање;

---

- Граѓанските организации да поттикнат соработки со образовните институции, како што е Правниот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола, за промовирање на дијалогот и истражувањето за човековите права и пристапот до правда за маргинализираните заедници;

---

- Граѓанските организации да продолжат да застапуваат и соработуваат со Собранието за да се обезбеди успешно усвојување на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување со цел да се овозможи платено отсуство поради болест и повреда на работното место за индивидуалните земјоделци и платено отсуство;

---

- Одржување и проширување на обезбедувањето правни и параправни услуги. Потребно е да се направат напори да се надминат бариерите што ги спречуваат маргинализираните заедници да пристапат до бесплатна правна помош со цел да се обезбеди сеопфатна правна заштита;

- Да продолжат да се зајакнуваат партнерствата и соработката со сите засегнати страни, вклучително и државните организации, релевантните институции и универзитетите. Овие партнерства треба дополнително да се зајакнат за да се создаде координиран и сеопфатен пристап кон поддршка на маргинализираните заедници и застапување за унапредување на нивните права;

- Да се продолжи со зајакнување на капацитетите на организациите, заедниците и институциите;

- Да се продолжи со организирање едукативни сесии, работилници и подкасти, за да се допре до поголема публика и да се подигне свеста за правата на маргинализираните заедници. Заговор;

- Да се продолжи со застапување за промени во политиките и реформи кои се однесуваат на специфичните потреби и предизвици со кои се соочуваат маргинализираните заедници. Ова вклучува решавање на правни и административни финансиски бариери за пристап до бесплатна правна помош за сите граѓани;

- Да се обезбеди непречен пристап до лекување од зависности. Треба да се направат напори да се отстранат бариерите што ги спречуваат луѓето кои употребуваат дроги да пристапат до третман за зависност за време на кризи како што е пандемијата ковид-19. Ова вклучува навремено обезбедување на потребните терапии, олеснување на транспортот за поединци во руралните области и интегрирање на лекувањето од зависност во итни здравствени услуги.

- Да се зајакнат здравствените услуги и да се елиминира дискриминацијата. Давателите на здравствена заштита, вклучително и матичните лекари, треба да бидат едуцирани и сензибилизирани за потребите на луѓето кои употребуваат дроги. Пристапот до здравственото осигурување треба да се прошири за да ги опфати сите поединци, без оглед на брачниот статус;

- Да се подобри правната заштита и услугите за поддршка за сексуалните работници/чки. Потребно е да се развие сеопфатна законска рамки која ќе ги препознае и штити правата на сексуалните работници. Ова треба да вклучи мерки за борба против родово базирано насилство и дискриминација, да се обезбеди пристап до правдата и да се промовираат безбедни работни услови;

- Потребно е да се направат напори за градење доверба меѓу маргинализираните заедници и институции преку транспарентни и одговорни практики;

- Да се зајакне собирањето на податоците, документирање и следење на прекршувањата на човековите права врз маргинализираните заедници;

- Да се воспостави соработка помеѓу граѓанските организации, владините агенции и меѓународните партнери е клучна во овој поглед;

- Да се преземат активности и дејствија за подобрување на заштитата на животната средина, преку приоретизирање на заштитата и подобрувањето на животната средина, особено во маргинализираните заедници, воспоставување на депонии во согласност со еколошките стандарди за да се спречат дивите депонии и спроведување на едукативни кампањи за подигање на свеста за да се промовираат практики за одговорно управување со отпад;

- Државните институции да преземат сеопфатни мерки за борба против дискриминацијата со која се соочуваат маргиналзираните заедници во различни области;

- Да се унапреди постапувањето на полицијата и другите релевантни институции кон луѓето кои употребуваат дроги и сексуалните работници/чки;

- Да се искористи меѓународното признание и добиените препораки за подигнување на свеста и застапување за воведување на сеопфатно сексуално образование и спречување на злоупотреба на супстанции кај децата;

- Да се зајакне застапувањето за усвојување и спроведување на Протоколот за третман на луѓе кои употребуваат дроги, а се помлади од 15 години.

# Користени документи:

Здружение за правна едукација и транспарентност Станица ПЕТ – Наративен извештај – 2022 - https://stanicapet.org.mk/wp-content/uploads/2023/04/STANICA-PET-Narativen-izvestaj-2022.pdf

Подобрување на заштитата од дискриминација врз маргинализираните заедници Препознавање и адресирање на интерсекциската дискриминација од страна на граѓанските организации - https://mhc.org.mk/wp-content/uploads/2022/11/mk-dokument-intersekciska-diskriminacija.pdf

Извештај за прекршени човекови права на маргинализираните заедници преку студии на случај - https://www.pravnozajakni.mk/wp-content/uploads/2021/11/FOOM-Izvestaj-PREKRSENI-COVEKOVI-PRAVA-MK.pdf

Родово базирано насилство врз жените кои употребуваат дроги - https://hops.org.mk/wp-content/uploads/2021/06/hops-5.pdf

ХОПС, Годишен извештај за повреда на права и правни услуги за 2022 година

Закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоци против јавниот ред и мир (Службен весник 171/2022)

Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик (Службен весник 36/2023)

Concluding observations on the combined third to sixth periodic reports of North Macedonia -https://tbinternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CRC%2fC%2fMKD%2fCO%2f3-6&Lang=en

ХОПС- Опции за здрав живот Скопје - Правни потреби и пристап до правда за луѓето кои инјектираат дроги и сексуалните работници во Македонија https://hops.org.mk/wp-content/uploads/2018/07/Pravni-potrebi-i-pristap-do-pravda-za-lugje-to-koi-injektiraat-drogi-i-seks.rabotnici_istrazuvanje.pdf

